**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1 2210 Пробиштип*
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 10 – 283/3 од 15.03.2022 год.**
Пробиштип

Врз основа на член 44 став (7) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.32/20 год.), Градоначалникот на Општина Пробиштип, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на Градоначалникот на Општина Пробиштип со Решение Бр.08-394/1 од 30.03.2021год., за одобрување на **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за 20/10 Kv кабелски подземен вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип**, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за одобрување на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за 20/10 Kv кабелски подземен вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип

1. **СЕ ОДОБРУВА Проектна програма со Бр.03-82 од 13.12.2021 година**, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за 20/10 Kv кабелски подземен вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип.
2. **Површината на проектниот опфат е П=0.06 ха.**
3. **Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за 20/10 Kv кабелски подземен вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип,** изработена од страна на правното лице **Друштво за производство на електрична енергија „ДИС ЕНЕРГИЈА" ДОО Скопје,** а истата ја одобрува Градоначалникот на Општина Пробиштип надлежен за одобрување на урбанистичко – планската документација, врз основа на Предлогот за одобрување на Проектната програма од Комисијата за урбанизам.
4. **Ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат** за Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за 20/10 Kv кабелски подземен вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип.
5. **Со одобрувањето на Проектната програма се продолжува постапката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за 20/10 Kv кабелски подземен вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1 2210 Пробиштип*
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за урбанизам формирана од страна на Градоначалникот на Општина Пробиштип со Решение Бр.08-394/1 од 30.03.2021год., даде **Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за 20/10 Kv кабелски подземен вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип,** со предвидена класа на намена на земјиштето согласно Решението за услови за планирање на просторот издадени од Министерството за животна средина и просторно планирање, односно врз основа на Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ и согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.225/20 год.), со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно истиот правилник.

Намената на земјиштето во проектниот опфат е **Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија**.

Целта на изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за 20/10 Kv кабелски подземен вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип е во иднина да се поврзе машинската зграда на МХЕЦ Шталковска опфатена со Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Шталковска со реф.бр.364 и придружни објекти, КО Турско Рудари и КО Шталковица, општина Пробиштип.

**Градоначалникот го разгледа предлогот на Комисијата за урбанизам за одобрување на Проектната програма за изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за 20/10 Kv кабелски подземен вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип и констатира дека истата е во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.32/20 год.) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.225/20 год.).**

**Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

Изготвил: Ј.Дукоска диа
Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Date: 2022.03.22 13:30:07 +01'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги
Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2022.04.04 11:28:51 +02'00'

**М.П.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Dragan Anastasov
Digitally signed by Dragan Anastasov
Date: 2022.04.05 13:04:53 +02'00'